# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

Ул.„7-ми Септември“ бр.4 тел/факс:045 274 810 e-mail: mak_brod @yahoo.com
www.mbrod.gov.mk

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

| | |
|---|---|
| **Службен гласник** | **19.02.2015 година** |
| **Општина Македонски Брод** | **Македонски Брод** |
| **Излегува по потреба** | **Број 2 – 2015 год.** |

ФЕВРУАРИ 2015

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа (Сл.Весник на РМ бр. 5/02) и член 21 став 1 точка 4 од Статутот на општина Македонски Брод, Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 16 февруари 2015 година го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За усвојување на Завршната сметка за 2014 година**
**на Општина Македонски Брод**

1.Советот на општина Македонски Брод ја усвои Завршната сметка за 2014 година на Општина Македонски Брод, Финансискиот извештај за 2014 година и годишниот извештај за користење на средствата од Резервите за 2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр. 18 -186/3**
**16.02.2015 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина М.Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/03), а во врска со објавениот јавен повик за користење на средства од Програмата за рамномерен регионален развој за 2015 година, Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на 16.02.2015 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**за сопствено финансиско учество на Општина Македонски Брод во проектот „Уредување на спомeникот на природата Белешничка река за развој на еко туризмот“**

**Член 1**

Општина Македонски Брод, по објавениот јавен повик за користење на средства од Програмата за рамномерен регионален развој за 2015г. од страна на Бирото за регионален развој, по точка 1.Прибирање на предлог проекти за развој на подрачјата со специфични развојни потреби, ќе аплицира со проектот „**Уредување на споменикот на природата Белешничка река за развој на еко туризмот**“. За таа цел, Општина Македонски Брод ќе учествува со сопствени финансиски средства.

**Член 2**

Висината на средствата предвидени за општинското финансиско учество е 10% од висината на инвестицијата, односно, изнесува 160.000 денари.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

**Бр: 18 – 186/4**
**16.02.2015 год.**

**Претседател на Совет**
**на Општина Македонски Брод,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**за прогласување на Одлуката за сопствено финансиско учество на Општина Македонски Брод за проектот,,Уредување на споменикот на природата Белешничка река за развој на еко туризмот,,**

Се прогласува Одлуката за сопствено финансиско учество на Општина Македонски Брод за проектот ,,Уредување на споменикот на природата Белешничка река за развој на еко туризмот,, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 16.02.2015 година.

**Бр.08- 186 /9**
**19.02.2015 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/03), а во врска со објавениот јавен повик за средства од Програмата за рамномерен регионален развој за 2015 година, Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на 16.02.2015 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**за сопствено финансиско учество на Општина Македонски Брод во проектот „Изградба на улица во викенд населба „Сувенир“, Општина Македонски Брод“**

**Член 1**

Општина Македонски Брод, по објавениот јавен повик за средства од Програмата за рамномерен регионален развој за 2015г., од страна на Бирото за регионален развој, по точка 2. Прибирање на предлог проекти за развој на селата, ќе аплицира со проектот **„ Изградба на улица во викенд населба „Сувенир“, Општина Македонски Брод “**. За таа цел, Општина Македонски Брод ќе учествува со сопствени финансиски средства.

**Член 2**

Средствата предвидени за општинското финансиско учество се во висина од 50% од висината на инвестицијата,односно 640.840 денари.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

**Бр:18 – 186/5**
**16.02.2015 год.**

**Претседател на Совет**
**на Општина Македонски Брод,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**за прогласување на Одлуката за сопствено финансиско учество на Општина Македонски Брод за проектот„Изградба на улица во викенд населба „Сувенир„ - Општина Македонски Брод**

Се прогласува Одлуката за сопствено финансиско учество на Општина Македонски Брод за проектот „Изградба на улица во викенд населба „Сувенир„ - Општина Македонски Брод“ што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 16.02.2015 година.

**Бр.08- 186 /9**
**19.02.2015 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

***ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД***

# *ПРОГРАМА*

## *За изменување и дополнување на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на водоводи, канализациони мрежи и собирање и одведување на атмосферски води во Општина Македонски Брод за 2015 година*

***Февруари-2015 г.***

Врз основа на член 22 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) и член 15 точка 4 од Статутот на Општина Македонски Брод, Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 16.02.2015 год. ја донесе следната:

# ПРОГРАМА

## За изменување и дополнување на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на водоводи, канализациони мрежи и собирање и одведување на атмосферски води во Општина Македонски Брод за 2015 година

**I**.Се врши изменување и дополнување на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на водоводи, канализациони мрежи и собирање и одведување на атмосферски води во Општина Македонски Брод за 2015 година, бр.07-889/13 од 27.11.2014 година, донесена од страна Советот на општината Македонски Брод, имено во точка : **3.АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА се додава став 5 кој гласи.**

**-Изградба на захват и атмосферска канализација во должина од 50 м. за зафаќање и одведување на површински атмосферски води во репициент затворен канал „Лоштица“ во нас.„Лоштица“ Македонски Брод помеѓу градежните парцели на Филипоски Раде и Мишкоски Стојко, како приоритена обврска поради настанатата ситуација по обилните дождови и направените штети на околните станбени објекти.**

**II**.Останатите одредби од Програмата остануваат непроменети.

**Бр.18- 186/ 6**
**16.02.2015 год.**
**Македонски Брод**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К
**за прогласување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на водоводи, канализациони мрежи и собирање и одведување на атмосферски води во Општина Македонски Брод**

Се прогласува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на водоводи, канализациони мрежи и собирање и одведување на атмосферски води во Општина Македонски Брод, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 16.02.2015 година.

**Бр.08- 186 /9**
**19.02.2015 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Којнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа (Сл.Весник на РМ бр. 5/02 ) и член 21 став 1 точка 4 од Статутот на општина Македонски Брод, Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 16 февруари 2015 година го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За усвојување на Програмата за работа и развој на ЈП„Водовод и канализација„ -Македонски Брод за 2015 година**

1.Советот на општина Македонски Брод ја усвои **Програмата за работа и развој на ЈП „Водовод и канализација“,-Македонски Брод за 2015 година.**

2.Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.18- 186 / 7**
**16.02.2015 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл.21 ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник02/03), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 16.02.2015 година донесе

# З А К Л У Ч О К

1.Советот на општина Македонски Брод донесе ЗАКЛУЧОК, сите општински институции кои имаат обврска да поднесат Извештај за работа, Програма за работа ,завршна сметка и слично до Советот на Општина Македонски Брод како надлежене орган за усвојување задолжително да обезбедат лице кое ќе присуствува на седницата заради образложение по однос на поднесокот, со заклучокот да се запознаат и институциите .

2. Овој заклучок влегва во сила со денот на донесување а ќе се објави во службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр. 18 - 186 / 8**
**16.02.2015 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

**Службен гласник број 2 од 19.02.2015 година Совет на општина Македонски Брод**

# С О Д Р Ж И Н А

Заклучок за усвојување на Завршната сметка за 2014 година на Општина Македонски Брод ..........стр.2

Одлука за сопствено финансиско учество на Општина Македонски Брод во проектот „Уредување на споменикот на природата Белешничка река за развој на еко туризмот“ ..........стр.3

Заклучок за прогласување Одлука за сопствено финансиско учество на Општина Македонски Брод во проектот „Уредување на споменикот на природата Белешничка река за развој на еко туризмот“ ..........стр.4

Одлука за сопствено финансиско учество на Општина Македонски Брод во проектот „Изградба на улица во викенд населба „Сувенир“ Општина Македонски Брод“ ..........стр.5

Заклучок за прогласување на Одлука за сопствено финансиско учество на Општина Македонски Брод во проектот „Изградба на улица во викенд населба „Сувенир“ Општина Македонски Брод ..........стр.6

Програма за изменување и дополнување на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на водоводи, канализациони мрежи и собирање и одведување на атмосферски води во Општина Македонски Брод за 2015 година ..........стр.7

Заклучок за прогласување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на водоводи, канализациони мрежи и собирање и одведување на атмосферски води во Општина Македонски Брод за 2015 година ..........стр.9

Заклучок за усогласување на Програма за работа за развој на ЈП „Водовод и канализација“ Македонски Брод за 2015 година ..........стр.10

Заклучок ..........стр.11